**20171683185**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/2016), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.11.2017 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПЕНИ И ВГРАДЕНИ СОНЧЕВИ ТЕРМАЛНИ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМИ ВО ДОМАЌИНСТВАТА И ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПЕНИ И ВГРАДЕНИ ПВЦ ИЛИ АЛУМИНИУМСКИ ПРОЗОРЦИ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2017 ГОДИНА

I

Во Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.192/16 и 114/2017), во делот II став 1 во воведната реченица износот „46.000.000,00 денари" се заменува со износот „52.000.000,00 денари".

Во алинејата 2 износот „30.000.000,00 денари" се заменува со износот „36.000.000,00 денари"

II

Во делот VII точка 4 во ставот 4 зборовите: „најдоцна до" се заменуваат со зборот „на", а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „како и на 30 ноември 2017 година".

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-7013/1
15 ноември 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.